Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) и член 20 став 1 точки 37) и 38) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија", бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА СО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА НАТО СТАНДАРДИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

## I. Основни одредби

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на функционирање и организирање на работата на Регионалниот центар за односи со јавноста (во натамошниот текст: РЦОЈ) со имплементирање на НАТО стандардите за обезбедување на квалитет.

Со одлука донесена на Северноатлантскиот совет во јуни 2013 година, РЦОЈ е акредитиран како НАТО партнерски центар за образование и обука од областа на воените односи со јавноста и е единствен ваков центар од Република Северна Македонија деклариран за потребите на НАТО.

Меѓународните обуки на РЦОЈ редовно се ажурираат на Партнерскиот систем за размена и менаџмент на информации во реално време (во натамошниот текст: e-Prime) и во НАТО каталогот на можности за едукација и обука (во натамошниот текст: ЕТОС).

Постојат три степени на НАТО сертификација на меѓународните курсеви:

- NATO Listed;

- NATO Selected;
- NATO Approved.

Меѓународните обуки на РЦОЈ се со НАТО степен на сертификација: “NATO listed” и “NATO Selected“. По успешно завршување на процесот на НАТО институционална акредитација на РЦОЈ степенот на сертификација на обуките од “NATO Selected“ преминува во највисокото ниво, односно “NATO Approved“.

Обуките на РЦОЈ се изведуваат од страна на сертифицирани медија тренери (во натамошниот текст (СМТ) кои ја имаат успешно завршено обуката за медија тренери „обучи го обучувачот“ или ја имаат успешно завршено програмата за сертифицирање на медија тренери во РЦОЈ. По потреба во процесот на изведување на едукација и обука во РЦОЈ се вклучуваат стручни лица од областа на стратегиските комуникации од земјата и од странство.

Капацитетите за сместување и обука на РЦОЈ, согласно стандардите за обезбедување на квалитет се користат исклучиво за потребите на реализација на обуки од доменот на Стратегиски комуникации (воени односи со јавноста).

## II. Организација на национални и меѓународни обуки, учество на домашни и меѓународни учесници и уплата на средства за котизација и сместување во РЦОЈ

### Член 2

Националните обуки на РЦОЈ се наменети за персоналот кој има потреба од обука од областа на односите со јавноста и стратегиските комуникации во Министерството, Армијата како и од останатата државна администрација на Република Северна Македонија.

Националните обуки се организираат во просториите/капацитетите на РЦОЈ, а по потреба и на локација надвор од РЦОЈ (преку ангажирање на Мобилни тренинг тимови од РЦОЈ (во натамошниот текст: МТТ од РЦОЈ).

Меѓународните обуки се наменети за сите земји членки на НАТО вклучувајќи ја и Република Северна Македонија, земјите од Партнерството за мир, Медитеранскиот дијалог, Истанбулската иницијатива за соработка како и за земјите глобални партнери на НАТО, следејќи го принципот на недискриминација.

За реализација на националните и меѓународните обуки се користат постојните капацитети за обука на РЦОЈ, а по потреба или по барање, обуката може да се изведува и надвор од РЦОЈ, во државата или во странство, со ангажирање на МТТ од РЦОЈ.

Во одредени случаи обуката може да се изведува со користење на интернет платформи за онлајн обука.

**Член 3**

Меѓународните учесници за учество на курсевите се пријавуваат електронски по добиена покана, преку своите институции, со доставување на пополнетиот формулар за пријавување на официјалната е-маил адреса на РЦОЈ. Формуларот за пријавување е подготвен и проследен од страна на РЦОЈ заедно со поканата за учество на курсот, административните детали и драфт агендата на курсот, најдоцна два месеци пред почетокот.

Поканите за учество заедно со фомуларот за пријавување, административните детали за курсот и драфт агендата се дистрибуираат од РЦОЈ по електронски пат до:

- воените и одбранбените претставници на Република Северна Македонија;
- лицата за контакт во министерствата за одбрана на земјите од НАТО и партнерските земји и
- постојаната делегација на Република Северна Македонија во НАТО.

Учесниците од НАТО и партнерските земји може да го користат и e-Prime системот за искажување на потребите од места за учество на меѓународните курсеви на РЦОЈ.

**Член 4**

Меѓународните учесници од НАТО и партнерските земји за учество на меѓународните обуки во РЦОЈ уплаќаат средства за котизација за обуките во согласност со Табела 1, Анекс бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Во износот за котизација за учество на меѓународните обуки е вклучено следново:

- исхрана (ручек) за сите учесници;
- кафе и освежителни пијалоци;
- материјали за обука;
- изработка на сертификати за учеството на обуките;
- средства за хигиена за учесниците;

- ангажирање на стручни лица од областа за изведување на обуката;
- локален транспорт (по потреба);
- организирање на екскурзија;
- организирање студиски посети и
- организирање на официјална вечера за гостите од средна категорија во рамките на курсот.

РЦОЈ располага со сместувачки капацитети кои се нудат на меѓународните учесници од НАТО и Партнерските земји за нивно сместување за време на организација на меѓународни курсеви. Цената за сместување по учесник за еднонеделен курс (со вклучен појадок и вечера) е прикажана во Табела 1 од Анекс 1.

Меѓународните учесници за време на курсевите можат да бидат сместени и во хотел во Скопје (по нивен избор), но на сопствен трошок, во кој случај им се наплатува само цената за котизација за учество на курсот, прикажана во Табела 1 од Анекс 1.

Средствата за котизација и сместување во РЦОЈ од страна на меѓународните учесници се уплатуваат безготовински–преку банкарски трансфер. Уплатата на котизацијата и сместувањето се врши пред почетокот на курсот, со девизна дознака во корист на Министерството. Сите потребни информации за уплата на котизацијата и сместувањето се дел од административните детали кои се дистрибуираат од страна на РЦОЈ заедно со поканата за учество на курсот и формуларот за апликација.

За уплата на средствата за котизација и сместување во РЦОЈ, се изработува и доставува фактура на англиски јазик.

Уплатените средства се распоредуваат на приходната сметка на Министерството (потпрограма 10 – Администрација) и истите се користат исклучиво за потребите на РЦОЈ.

Ставките за користење на приходите добиени врз основа на наплатената котизација, се дефинираат во рамки на изработката на годишниот буџет и истите се планираат и одобруваат во рамки на годишниот буџет на Министерството .

**Член 5**

За изведување обука на далечина со користење на интернет платформи за онлајн обука, котизацијата за учество на странските учесници од НАТО и партнерските земји се уплатува согласно со Табела 5 од Анекс 1.

## Член 6

Условите за уплата на котизација и сместување од членовите 4 и 5 од овој правилник, може да не се однесуваат за:

- определени партнерски земји, по нивно доставено барање за ослободување од плаќање котизација. Барањата за ослободување од плаќање котизација и сместување се доставуваат по електронски пат од страна на соодветните институции на партнерските земји на официјалната е-маил адреса на РЦОЈ, најдоцна три недели пред почетокот на курсот. Барањата ги разгледува и одобрува министерот/ката за одбрана. За оваа потреба за секој меѓународен курс во РЦОЈ се планираат по три места за учесниците од партнерските земји и

- НАТО и Партнерски земји со кои Секторот за меѓународна соработка во Министерството, како носител на планирањето, во консултација и по одобрување од Кабинетот на министерот/министерката за одбрана има склучено билатерални договори (на принцип на реципроцитет), во кои е наведено нивно бесплатно учество на меѓународните курсеви во РЦОЈ.

## Член 7

На меѓународните курсеви во РЦОЈ учествуваат и домашни учесници, и тоа од Министерството, од Армијата и од други државни институции во Република Северна Македонија. Учеството на домашните учесници е без наплата на котизација и сместување.

Потребите за учество на персонал од Министерството и Армијата се утврдуваат врз основа на акт за искажување на годишните потреби за стручно оспособување и усовршување на вработените во делот на стратегиските комуникации и односите со јавноста, кој се доставува до организационите единици во Министерството и Армијата, на крајот од секоја година за следната година.

## Член 8

Работен јазик за време на реализацијата на меѓународните курсеви е англискиот јазик.

Превод од англиски јазик не се обезбедува.

## III. Ангажирање на стручни лица од областа

### Член 9

Стручни лица од областа се воени и цивилни лица од земјата, од Министерството, Армијата и останатите државни институции како и од странство, кои се специјализирани и поседуваат вештини и знаење од одредена област, во случајот со РЦОЈ, од областа на односите со јавноста и стратегиските комуникации.

Стручните лица од областа се ангажираат со посебна покана за учество на меѓународните курсеви за потреби од реализација на теоретската и практичната работа за време на обуката во РЦОЈ, во улога на предавачи и/или изведувачи на практичните вежби, а по потреба и за реализација на обука на далечина, со користење на платформи за онлајн курсеви.

### Член 10

При ангажирање на странски стручни лица од областа за реализација на меѓународните активности, како и на регионалните сертифицирани медија тренери за РЦОЈ се обезбедува покривање на патните трошоци (меѓународен транспорт во двата правци), трошоци за исхрана и локален транспорт за времетраење на ангажманот (per diem) по потреба и паричен надомест за предавањата (хонорар).

За ангажираните странски стручни лица од областа се обезбедува хотелско сместување за време на нивниот ангажман, додека за регионалните сертифицирани медија тренери и домашните сертифицирани медија тренери кои се со место на живеење надвор од Скопје, се обезбедува бесплатно сместување во сместувачките капацитети на РЦОЈ.

При ангажирање на странски стручни лица од областа и регионалните сертифицирани медија тренери за РЦОЈ како и домашните сертифицирани медија тренери кои не се вработени во РЦОЈ, за изведување обука на далечина се исплатува само паричен надоместок (хонорар) за ангажманот по предавање, согласно Табела 2, од Анекс 1.

### Член 11

При ангажирање на домашни стручни лица од областа, за реализација на активностите во РЦОЈ, како и на домашните сертифицирани медиа тренери за РЦОЈ кои не се вработени во РЦОЈ се обезбедува паричен надомест (хонорар) и

покривање на меѓуградските патни трошоци за нивниот ангажман во висина на цената на автобускиот билет.

Висината на хонорарот е прикажана во Табела 2 од Анекс бр. 1.

При ангажирање на домашни стручни лица од областа за изведување обука на далечина се исплатува само паричен надоместок (хонорар) за ангажманот по предавање, согласно Табела 2 од Анекс бр. 1.

**Член 12**

Финансиските средства од членовите 10 и 11 од овој правилник, за ангажирање на стручните лица од областа од земјата и од странство, се прикажани во Табела 2 од Анекс бр.1.

Финансиските средства за оваа намена се планираат и се обезбедуваат од годишниот буџет на Министерството, наменети за потребите на РЦОЈ.

**Член 13**

Финансиските средства за рефундација на трошоци за исхрана и локален транспорт (per diem) за времетраење на ангажманот за странските стручни лица од областа, се исплаќаат на банкарска сметка на ангажираниот експерт.

Исплатата се реализира во најбрз можен рок, а најдоцна до пет работни дена по завршувањето на неговиот ангажман во РЦОЈ, во согласност со Табела 2 од Анекс бр.1.

## IV. Сертифицирање на медија тренери за потребите на РЦОЈ

**Член 14**

Со цел обезбедување континуитет во имплементација на НАТО стандардите за едукација и обука во РЦОЈ како и постигнување на одржливост на инстукторскиот кадар, РЦОЈ изработува план и програма за сертифицирање на нови медија тренери.

**Член 15**

Програмата за сертифицирање на нови медија тренери се состои од четири фази и тоа:

- **Фаза 1**: Исполнување на квалификациски стандарди за медиа тренери;
- **Фаза 2**: Успешно завршување на НАТО селектираните курсеви за односи јавноста во РЦОЈ и детектирани курсеви во НАТО Школото во Оберамергау;
- **Фаза 3**: Евалуација на кандидатот од страна на тим составен од раководителот на одделението за обука, организатор на курсеви, и одговорното лице за управување со квалитет во РЦОЈ и
- **Фаза 4**: Доделување на сертификат за медија тренер.

## V. Ангажирање на домашни и на регионални медија тренери сертифицирани во РЦОЈ, соработка со други НАТО и Партнерски центри и размена на стручни лица од областа

### Член 16

Сертифицирани медија тренери се воени и цивилни лица од земјата и од странство, кои успешно ја имаат завршено селективната обука „Обучувај го обучувачот“ и се стекнале со сертификат за медија тренер од РЦОЈ или успешно ја имаат завршено програмата за сертифицирање на нови медија тренери спроведена од РЦОЈ.

Домашните сертифицирани медија тренери се воени и цивилни лица од Министерството, Армијата и останатите државни институции во Република Северна Македонија.

Домашните сертифицирани медија тренери кои не се вработени во РЦОЈ ниту во Министерството, се ангажираат од РЦОЈ со посебна покана до соодветната институција за нивно учество во подготовка и реализација на националните и на меѓународните курсеви во РЦОЈ.

Домашните сертифицирани медија тренери кои не се вработени во РЦОЈ, а се вработени во Министерството, за подготовка и реализација на националните и меѓународните курсеви се ангажираат со решение на министерот/министерка за одбрана за реализација на активноста.

За домашните сертифицирани медија тренери кои не се вработени во РЦОЈ, за време на курсот се обезбедува:

- паричен надоместок (хонорар) во согласност со Табела 2 од Анекс бр.1;
- оброк (ручек) во кантината;
- покривање на меѓуградските патни трошоци во висина на цената на чинење на автобуски билет (за сертифицираните медија тренери кои се со живеалиште надвор од Скопје);

- сместување во РЦОЈ (за сертифицираните медија тренери кои се со живеалиште надвор од Скопје (на нивно барање), а во согласност со расположливите сместувачи капацитети во РЦОЈ) и
- исхрана во кантината за времетраење на нивниот ангажман (доручек, ручек и вечера) за сертифицираните медија тренери сместени во РЦОЈ.

**Член 17**

Регионалните сертифицирани медија тренери се ангажираат со посебна покана од РЦОЈ, за подготовка и реализација на меѓународните обуки.

За нивниот ангажман им се обезбедува:

- авионски и/или автобуски билет;
- локален транспорт (од аеродром/автобуска станица) до РЦОЈ и назад;
- паричен надоместок (хонорар);
- бесплатно сместување во капацитетите на РЦОЈ и
- исхрана за времетраење на активноста.

**Член 18**

РЦОЈ соработува со мрежата на Партнерските центри за едукација и обука (PTEC) како и со останатите НАТО и Партнерски центри за обука, на принцип на размена на стручни лица од областа (сертифицирани медија тренери). Ангажманот на сертифицираните медија тренери за оваа намена се реализира по покана од соодветниот центар, при што на ангажираниот медија тренер му следува надомест за ангажирање (хонорар), пер дием и надомест за дополнителни трошоци (виза, патничко осигурување) по потреба, согласно Табела 6 од Анекс 1.

Доколку трошоците не се покриени од земјата/институцијата побарувач, надоместот за ангажирање (хонорар), пер дием и надоместот за дополнителни трошоци се исплаќа од РЦОЈ.

## VI.Ангажирање на мобилни тренинг тимови за изведување на обука надвор од РЦОЈ (во државата и странство)

Обуките на РЦОЈ може да се организираат и изведуваат и надвор од капацитетите на РЦОЈ преку ангажирање на МТТ составени од сертифицирани

медија тренери, аудио/видео асистенти и стручни лица од областа на стратегиските комуникации (ангажирани по потреба).

**Член 19**

МТТ може да се ангажираат врз основа на:

- претходно барање од НАТО или партнерска земја доставено до РЦОЈ/ Министерство најдоцна до крајот на месец октомври во тековната година и истите барања влегуваат во Годишниот план за обуки на РЦОЈ за наредната година;
- билатералните договори за соработка помеѓу министерствата за одбрана на Република Северна Македонија и странски земји;
- итни барања за ангажирање на МТТ во текот на годината (кои не се влезени во Годишниот план за обуки на РЦОЈ) од страна на НАТО или од Партнерска земја, или меѓународна организација, доставени до РЦОЈ/ Министерство за одбрана, најдоцна до 60 дена пред почетокот на активноста и
- аплицирање од страна на РЦОЈ за користење на НАТО програми и фондови за развој и поддршка, врз основа на НАТО дефинирани потреби за обука на подобни (eligible) земји (земји партнери на НАТО кои ги исполнуваат условите за поддршка).

**Член 20**

Финансиските средства за ангажирањето на МТТ, во зависност од тоа за што се упатуваат, се обезбедуваат од:

- буџетот на Министерството наменети за РЦОЈ, и тоа од приходна сметка или донаторска сметка (средства од котизација или донации наменети за реализација на активност со ангажирање на МТТ);
- од НАТО фондови (при ангажман на МТТ по барање на НАТО или партнерска земја);
- земја или меѓународна организација на чие барање се ангажираат МТТ и
- од финансиски средства обезбедени од трета страна (амбасади, меѓународни организации и слично), при ангажман за потребите за обука во одредена НАТО или партнерска земја за која финансиските средства ги обезбедува трета страна.

**Член 21**

Финансиските средства предвидени за ангажирање на МТТ, во согласност со членовите 19 и 20 од овој правилник, се наменети за покривање на трошоците за:

- подготовка на материјали и изведување на обука за целната група од соодветната земја/организација побарувач на МТТ;
- трошоци за превоз за членовите на МТТ (авионски билети);
- дополнителни трошоци за транспорт на аудио, видео и ИТ-опрема за обуката;
- патничко осигурување за членовите на МТТ;
- трошоци за виза (доколку е потребно);
- хотелско сместување;
- per diem (трошоци за исхрана и локален транспорт) и
- трошоци за хонорар.

Авионските билети (превозот на МТТ) се обврска која паѓа на товар на земјата/организацијата која го ангажира МТТ, освен во случај кога станува збор за ангажирање по билатерални договори за соработка во кои е поинаку дефинирано.

**Член 22**

Лицата коишто се дел од МТТ, а кои се вработени во Министерството, Армијата и другите државни институции имаат право на патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и странство. Надоместокот на трошоците за службено патување во земјата и во странство се утврдува во согласност со постоечките законски прописи.

**Член 23**

Финансиските средства од член 17 од овој правилник дадени во Табела 6, на Анекс бр.1), како и од член 20 дадени во Табела 4 на Анекс бр.1, предвидени за ангажирање на МТТ (освен средствата за авионски карти и за хотелско сместување) од страна на земјата/организацијата побарувач на обуката, се уплатуваат на сметка на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија. Денарската противвредност се уплатува на приходната сметка на Министерството за одбрана, на потпрограма 10 - Администрација, а во книговодството се евидентира како приход на носител на планирање на организационата единица РЦОЈ. Финансиските средства од Анекс бр.1 (Табели 1, 3 и 5), се користат за потребите на РЦОЈ, додека финансиските средства од (Табели 4 и 6) се користат исклучиво за ангажираните сертифицирани медија

тренери и стручни лица од областа (ангажирани по потреба) во рамки на МТТ или при размена на стручни лица од областа.

**Член 24**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за организирање на меѓународни курсеви на регионалниот центар за односи со јавноста во државата и во странство број 10-2454/1 од 21.05.2020 година и број 01-2175/1 од 12.04.2021 година.

**Член 25**

Овој правилник влегува на сила со денот на донесувањето и се објавува на веб - страницата на Министерството.

Бр. 01-4565/1
29.12. 2023 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
с.р. Славјанка Петровска

Прилог:

Анекс 1 – Табели со финансиски импликации

**Анекс 1**

# Т А Б Е Л А 1

**Цена за учество на резидентни меѓународни курсеви**

| рб | Курс | Ниво на сертифициран курс | Котизација по учесник неделно | Сместување во РЦОЈ, доручек и вечера (неделно) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Меѓународни курсеви на РЦОЈ | NATO Listed | 200 | 150 |
| | | NATO Selected | 260 | |
| | | NATO Approved | | |

*Цените се изразени во евра

# Т А Б Е Л А 2

**Трошоци за ангажирање на странски и домашни стручни лица од областа и сертифицирани медија тренери**

| рб | Надоместоци и Трошоци | Странски | Домашни | Сертифицирани медиа тренери | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Per Diem (дневно) | 30 | / | / | |
| 2 | Надомест за ангажман по предавање | 70 | 60 | / | |
| 3 | Надомест за ангажман по ден (сертифицирани медиа тренери) | / | / | 60 | |
| 4 | Хотелско сместување | Хотел со 3-4 ѕвезди | / | / | |
| 5 | Авионски Транспорт Европа | Економска класа | / | / | |
| 6 | Авионски Транспорт Други Континенти | Економска класа | / | / | |
| 7 | Други видови меѓународен и локален транспорт | максимум до 150 | / | / | Автобус, Трамвај, Метро, Такси (локал) |
| 8 | Меѓуградски транспорт | / | Во висина на реални трошоци | Во висина на реални трошоци | Автобус, воз |

*Цените се изразени во евра

## Т А Б Е Л А 3

**Цена за организација и реализација на курс од страна на Мобилни Тренинг Тимови (МТТ)**

| рб | Курс | Максимален број на учесници | Цена по курс во земјата | Цена по курс во странство |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Меѓународни курсеви (постоечката понуда на курсеви во РЦОЈ) | 20 | 1000 | 2000 |
| 2 | Специјално дизајнирани курсеви (Tailored Courses) | 20 | 1200 | 2500 |

*Цените се изразени во евра

## Т А Б Е Л А 4

**Висина на трошоци и надоместоци при ангажирање на МТТ во земјата и странство**

| рб | Вид на трошок | Тим од максимум | Во странство | Во земјата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Транспорт | 5 лица | авионски карти економска класа | локален транспорт |
| 2 | Хотелско Сместување по лице по ден | 5 лица | Хотел со 3 или 4 ѕвезди до 150 евра | Хотел со 3 или 4 ѕвезди до 100 евра |
| 3 | Хонорар по лице по ден | 5 лица | 80 | 60 |
| 4 | Per Diem по лице по ден | 5 лица | 50 | 20 |
| 5 | Дополнителни трошоци (виза, патничко осигурување) по потреба | 5 лица | 20 | / |

* Цените се изразени во евра

## Т А Б Е Л А 5

**Цена за учество на онлајн меѓународни курсеви**

| рб | Курс | Ниво на сертифициран курс | Максимален број на учесници | Цена по учесник неделно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Меѓународни курсеви на РЦОЈ | NATO Listed | 20 | 150 |
| | | NATO Selected | | 200 |
| | | NATO Approved | | 200 |

*Цените се изразени во евра

**Т А Б Е Л А 6**

**Висина на трошоци и надоместоци при ангажирање на принцип на размена на стручни лица од областа и сертифицирани медија тренери**

| рб | Вид на трошок | Во странство | Во земјата |
|---|---|---|---|
| 1 | Транспорт | авионска карта економска класа (доколку не е обезбедена од домаќинот) | локален транспорт |
| 2 | Хотелско Сместување по лице по ден | Хотел со 3 или 4 ѕвезди (доколку не е обезбедено од домаќинот) | / |
| 3 | Хонорар по лице по ден | 80 | 60 |
| 4 | Per Diem по лице по ден | 50 | 20 |
| 5 | Дополнителни трошоци (виза, патничко осигурување) по потреба | 20 | / |

* Цените се изразени во евра